D.7.2.бр
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9


# СЛУЖ[...]
## НА СОЦИЈАЛИС[...]

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 31 јануари 1969
Скопје
Број 3 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.


**11.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ФИЛМСКИ ПРИДОНЕС

Се прогласува Законот за воведување филмски придонес,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 31 јануари 1969 година.

Бр. 338
31 јануари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ФИЛМСКИ ПРИДОНЕС

Член 1

За обезбедување средства за помагање на домашното филмско творештво и домашното филмско производство, подобрување условите за прикажување на филмови, како и помагање на други видови филмски дејности, се воведува филмски придонес.

Член 2

Филмскиот придонес го плаќа гледачот на филмот на посебен билет.

Член 3

Филмскиот придонес го наплатуваат работните и други организации што постојано или повремено се занимаваат со јавно прикажување на филмови и со тоа остваруваат приходи (прикажувачи на филмови).

Член 4

Филмскиот придонес се плаќа по стопа од 25% од цената на кино-билетот.

На цената на кино-билетот за филм прикажан на лента од 16 мм, се плаќа филмски придонес по стопа од 10%, освен кога филмот се прикажува во образовни и научни установи.

Филмски придонес, според одредбите на овој закон, не се плаќа за филм што се прикажува со подвижен кино-проектор.

Член 5

Филмскиот придонес е приход на Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата.

Член 6

Приходите на Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата од филмскиот придонес можат да се користат само за помагање и унапредување на домашното филмско творештво и домашното филмско производство, за подобрување условите за прикажување на филмови како и помагање на други видови филмски дејности и тоа:

— 70% за помагање и унапредување на домашното филмско творештво и домашното филмско производство, како и за помагање на други видови филмски дејности;

— 30% за подобрување условите за прикажување на филмови.

Член 7

Филмскиот придонес прикажувачите на филмови се должни да го уплатуваат еднаш месечно, најдоцна до 15-от ден во месецот за минатиот месец.

Филмскиот придонес се уплатува во корист на посебна сметка на Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата кај банката.

Член 8

Републичкиот секретар за образование, наука и култура, во согласност со републичкиот секретар за финансии, може да донесе поблиски прописи за начинот на уплатувањето на филмскиот придонес.

Член 9

Со парична казна до четирикратниот износ на непресметаниот или на неуплатениот филмски придонес ќе се казни за стопански престап прикажувачот на филмови ако не го пресметал или не го уплатил соодветниот износ на филмскиот придонес во срокот и на начин предвиден во овој закон.

Одговорното лице во работната и друга организација од член 3 на овој закон ќе се казни за стопански престап со парична казна од 500 до 3.000 динари ако пропуштило да ги изврши дејствијата од претходниот став и ако дало неточни податоци врз основа на кои се пресметува филмскиот придонес.

Член 10

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи член 5 од Законот за Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата („Службен весник на СРМ" бр. 4/65).

Член 11

Овој закон влегува во сила следниот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**12.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 31 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН 111 И 112 ОД СТАТУТОТ НА АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Одлуката за изменување на член 111 и 112 од Статутот на Архитектонско-градежниот факултет — Скопје, што ја донесе Советот на работната заедница на Архитектонско-градежниот факултет — Скопје на седницата одржана на ден 25. XI. 1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 339
31 јануари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**13.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Одлуката бр. 03-01-8/27 од 26 декември 1967 година на Наставничкиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, по јавната расправа одржана на 27 декември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката бр. 03-01-8/27 од 26 декември 1967 година, донесена од Наставничкиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

2. Уставниот суд на Македонија утврди дека со Одлуката на Наставничкиот совет на факултетот се утврдени правила на студирање и права и должности на студентите на овој факултет и тоа:

а) во точка 1 од оваа одлука е определено дека студентите со завршена виша земјоделска школа можат да се запишат на Земјоделско-шумарскиот факултет директно само во прва година и дека испитите положени во овој вид на школа не се признаваат;

б) во точка 2 од одлуката е определено дека студентите со завршен Земјоделско-шумарски факултет кои сакаат да запишат друга насока на ист оддел на факултетот, можат да се запишат во III година (V семестар) и дека признавањето на нивните испити од претходните години ќе се регулира со предметните наставници;

в) во точката 3 од одлуката е определено дека студентите од сродни факултети (ветеринарски, природно-математички и други) можат да се запишат во III година и дека, за да се здобијат со право на полагање испити од оваа година треба претходно да ги положат испитите утврдени со наставниот план на факултетот за I и II година на студиите, што не ги полагале на факултетот каде дотогаш студирале; и во оваа точка е определено дека признавањето на положените испити ќе се регулира со предметните наставници;

г) во точка 4 од одлуката е определено дека студентите со завршен несроден факултет се запишуваат во I година на студиите; и

д) најпосле, во точката 5 од одлуката е пропишано дека студентите со завршена виша школа, а запишани во III година (I година на втор степен) на овој факултет, како и оние студенти на факултетот што имаат заверен V и VI семестар на наставата по насоки, а до донесувањето на одлуката не запишале IV година, ќе ја запишат оваа година според одредбите на новиот статут.

3. Уставниот суд на Македонија најде дека Одлуката број 03-01-8/27 од 26 декември 1967 година на Наставничкиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје е незаконита, затоа што е донесена од орган што не е надлежен да ги уредува прашањата што се предмет на уредувањето во одлуката.

Според одредбите на став 2 на член 12 од Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 15/65, 29/65 и 9/68) со статутот на високошколската установа се утврдуваат правилата на студирањето, а според член 106 од истиот закон се пропишуваат и поблиски одредби за преминување на студентите од една на друга високошколска установа, за признавање на семестрите и испитите, како и други прашања во врска со запишувањето на студентите.

Од овие одредби произлегува дека наставничкиот совет на факултетот не е овластен да пропишува услови за запишување на студенти со завршена виша школа, како и на студенти од сродни и несродни факултети, ниту да уредува други прашања во врска со режимот на студирањето, бидејќи тие прашања можат да се уредуваат само со статут односно со статутарна одлука на факултетот.

Покрај тоа, со означената одлука одделни прашања се уредуваат и спротивно на одредбите од Законот за високото школство. Така одредбата на точка 1 од означената одлука е спротивна на одредбите на став 6 на член 63 од Законот за високото школство, во кои е определено дека образованието што го дава наставата од прв степен или соодветна виша шкла се признава за продолжување на студиите од втор степен во согласност со законот и статутот, како и на одредбите на член 104 од истиот закон, во кои е определено дека студентите што завршиле настава од прв степен имаат право да ги продолжат студиите на наставата од втор степен, ако ги исполнат условите предвидени со статутот и конкурсот на високошколската установа на која се запишуваат. Согласно со овие одредби факултетот треба во својот статут да ги пропише условите под кои студентите што завршиле настава од прв степен или соодветна виша школа можат да ги продолжат студиите на наставата од втор степен.

Потоа, одредбите на точките 2 и 3 од означената одлука според кои, признавањето на испитите положени на други факултети ќе се регулира со предметните наставници, не се во согласност со одредбите на член 106 од Законот за високото школство, во кои е определено дека признавањето на испитите положени на други високошколски установи поблиску ќе се регулира со статутот на високошколската установа. Во членовите 160 и 163 од Статутот на факултетот од 1967 година, е определено дека признавањето на испитите положени на други факултети или соодветни високи школи го врши наставничкиот совет на предлог од комисија именувана од деканот на факултетот.

И најпосле, одредбата на точка 5 од означената одлука е спротивна на член 71 од Законот за високото школство, во кој е определено дека наставата на високошколските установи се изведува според наставните планови, а задолжителните наставни предмети се утврдуваат со статутот на ви-

сокошколската установа. Во член 277 од Статутот на факултетот од 1967 година е определено, дека студентите што ги започнале своите студии според одредбите на Статутот на факултетот од 1963 година се должни да ги полагаат испитите според наставните планови утврдени во овој статут.

Со оглед на тоа што Наставничкиот совет на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, донесувајќи одлука со која пропишал услови за преминување на студенти од една во друга високошколска установа, за признавање на семестри и испити, како и други прашања во врска со режимот на студирање, што се уредуваат со статут односно со статутарна одлука, ги пречекорил рамките на своите овластувања, како и со оглед на тоа што правилата пропишани во означената одлука се спротивни на одредбите од Законот за високото школство, Уставниот суд на Македонија одлучи како во точка 1 од оваа одлука.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, на начин што е пропишан со Статутот на факултетот за објавување на општи акти.

У. бр. 44/68
27 декември 1968 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

---

## РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

**14.**

Врз основа на член 35 став 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), во врска со член 97 став 1, 2 и 3 и член 98 и 99 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 31/67, 54/67, 17/68 и 55/68) и членот 5 од Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 1/67 и 23/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 28 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ, ИНВАЛИДНИНИТЕ И ДОДАТОКОТ ЗА ПОМОШ И НЕГА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ ВО 1968 ГОДИНА

I

Старосните, инвалидските и семејните пензии, без заштитниот додаток, се зголемуваат за 5,1%.

Зголемувањето на пензиите од претходниот став се однесува на сите пензии, освен на пензиите кај кои 1968 година претставувала последна година на осигурување од која личните доходи за целата година, или само за дел од годината се влезени во пензиската основа.

При определувањето на зголемувањето на пензиите според одредбите на став 1 од оваа точка, повеќе уживатели на семејна пензија по едно решение ќе се сметаат како еден уживател.

II

Инвалиднините добиени по основа на телесно оштетување како последица од несреќа на работа или професионална болест и додатокот за помош и нега остварени по основа на инвалидското осигурување до 31 декември 1968 година, се зголемуваат за 5,1%.

Износот на инвалиднините и додатокот за помош и нега што ќе се остварат од 1 јануари 1969 година натаму, не може да биде помал од износот на тие примања утврдени со примена на одредбите од претходниот став.

III

Како основа за определување зголемувањето од точка I и II од оваа одлука се зема износот на пензијата што на уживателот на пензијата му следувал за месец декември 1968 година со тоа што пензиите остварени по прописите што важеа до 31 декември 1964 година претходно се зголемуваат според одредбите на Одлуката за усогласување на пензиите според членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 40/68), како и износот на инвалиднината и додатокот на помош и нега што на уживателот на такви примања му следувал за месец декември 1968 година.

Како основа за определување зголемувањето од точка I од оваа одлука на пензиите на воените осигуреници се зема новиот износ на пензијата определен според одредбите на членот 1 од Законот за дополненија на Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 55/68).

IV

На пензиите зголемени според одредбите на оваа одлука се додава износот на заштитниот додаток определен според одредбите на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за граничниот износ на најниското пензиско примање, за износот на заштитниот додаток и другите услови за обезбедување, користење и губење право на тој додаток („Службен весник на СРМ“ бр. 40/68).

V

Едновремено со усогласувањето на пензиите по точка I од оваа одлука ќе се изврши определување на нов износ на пензијата на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци на кои пензијата им е определена од пензиска основа пониска од 800 динари, според одредбите на членот 2 од Законот за дополненија на Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 55/68).

VI

Зголемувањето на пензиите, инвалиднините и додатокот за помош и нега според одредбите на точка I и II од оваа одлука за кое решение за правото на соодветно примање е донесено до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, како и определувањето нов износ на пензија на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци според одредбите на точка V од оваа одлука ќе се изврши по службена должност од Групата за исплата на пензиските примања на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје, без донесување на писмено решение. За извршеното зголемување односно определувањето нов износ на пензијата на уживателот на пензиското примање му се испраќа писмено известување, а по еден примерок од тоа известување ќе се вложи во досието на корисникот при надлежниот комунален завод за социјално осигурување и Групата за исплата на пензиските примања.

Образецот на писменото известување од претходната точка ќе го утврди Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

По писмено барање на уживателот на пензиското примање, надлежниот комунален завод за

социјално осигурување е должен да му издаде писмено решение за усогласувањето на пензиското примање односно определувањето нов износ на пензијата со образложение.

Зголемувањето на пензиите, инвалидните и додатокот за помош и нега по одредбите на точка I и II од оваа одлука и определувањето нов износ на пензија на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци по одредбите на точка V од оваа одлука, на уживателите на кои решение за правото на такви пензиски примања ќе им се донесе по влегувањето во сила на оваа одлука, ќе се врши со решението за правото на пензиското примање.

VII

Зголемувањето на пензиите, инвалиднините и додатокот за помош и нега на уживателите на такви примања, како и новоопределениот износ на пензијата на борците од Народноослободителната војна од пред 9 септември 1943 година и шпанските борци следува од 1 јануари 1969 година.

VIII

Појасненија за примена на одредбите на оваа одлука ќе дава Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

IX

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-211/1
28 јануари 1969 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

---

**15.**

Врз основа на член 35 став 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), во врска со членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 31/67, 17/68 и 55/68), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 28 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СПОРЕД ЧЛЕН 102 ОД ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Во точката V од Одлуката за усогласување на пензиите според членот 102 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 40/68), се бришат зборовите: „пензиите на договорните осигуреници и на осигурениците кои вршат самостојни дејности вклучително и уметниците, исклучително признаените пензии по член 80 и 132 од Законот за пензиското осигурување од 1957 година".

II

Во точката VI став 1 зборовите: „со тоа што за извршеното зголемување се става службена забелешка во решението по кое се врши исплатата, а на корисникот на пензијата му се испраќа писмено известување за тоа", се заменуваат со зборовите: „со тоа што за извршеното зголемување на корисникот на пензијата му се испраќа писмено известување, а по еден примерок од тоа известување ќе се вложи во досието на корисникот при надлежниот комунален завод за социјално осигурување и Групата за исплата на пензиски примања".

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1969 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-212/1
28 јануари 1969 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

---

**16.**

Врз основа на член 35 став 1 од Основниот закон за финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 12/67 и 54/67), во врска со членот 31 став 1 и 2 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 54/67, 17/68 и 55/68), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 28 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИОТ ИЗНОС НА ПЕНЗИСКАТА ОСНОВА ОДНОСНО ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ ПЕНЗИЈА

I

Во точката I од Одлуката за определување највисокиот износ на пензиската основа односно личниот доход од кој може да се определи пензија („Службен весник на СРМ" бр. 7/68), износот „2.550" се заменува со износот „2700".

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува за определување на пензиите што ќе се остваруваат со важност од 1 јануари 1969 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-213/1
28 јануари 1969 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

# Службена објава

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работни организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во регистарот на производители на семе се запишани следните работни организации:

— Земјоделско-прехранбениот комбинат „Струшко Поле“ — Струга, за производство на семе пченица и хибридна пченка. Рег. бр. 2 страна 2, книга I, решение број 10-1846/4-68 од 10. I. 1969 година;

— Земјоделската задруга „Младост“ с. Чашка — Т. Велешко, за производство на семе пченица. Рег. бр 44, страна 44, книга I, решение број 10-1907/2-68 од 10. I. 1969 година; и

— Земјоделската задруга „Светлост“ с. Породин — Битолско, за производство на семе пченица. Рег. бр. 45, страна 45, книга I, решение број 10-2578/4-68 од 10. I. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Пред судот се води постапка по предлогот на Никола Хаџи Николов од Скопје за огласување на загубено свидетелство за завршено училиште — Скопска трговска младина во 1927/30 година што му нестанало за време на окупацијата 1941/44 година.

Се повикува секој што го поседува или знае нешто за свидетелството да му соопшти на судот во срок од 30 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“. По истекот на срокот свидетелството ќе се огласи за поништено.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 1 од 3. I. 1969 година. (1)

---

За привремен застапник на тужениот Раманов Алитов Адем од село Нерези, сега државјанин на Република Турција, кој ќе ги штити неговите интереси пред овој суд по предметот П. бр. 549/68 по спорот со тужителот Анчевски Илија Марко од село Долно Нерези, Скопско, за утврдување дека помеѓу странките е заклучен писмен договор за купопродажба на недвижен имот, се поставува, Драган Димишков, адвокат од Скопје.

Од Општинскиот суд Скопје I, П. бр. 549 од 6. XII. 1968 година. (2)

---

При Општинскиот суд Скопје I се води постапка по предлогот на Александар Стојанов Илиевски од Ѓорче Петров, ул. „Ѓуро Салај“ бр. 16 за огласување за неважно свидетелството за завршено четврто одделение основно училиште во 1939 година во село Кучково, Скопско.

Се повикува секое лице што го поседува или нешто знае за загубеното свидетелство да му соопшти на судот во срок од 30 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“. Во противен случај свидетелството ќе се огласи за неважно.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 918/68. (3)

При Општинскиот суд Скопје I се води постапка по предлогот на Благоја Јордановски од Ниш, ул. „Железничка колонија“ бр. 10 за огласување за неважно свидетелството за завршено вечерно училиште — два класа гимназија во 1948/49 во Скопје во женската гимназија.

Се повикува секое лице што го поседува или нешто знае за загубеното свидетелство да му соопшти на судот во срок од 30 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ“. Во противен случај свидетелството ќе се огласи за неважно.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 914/68. (4)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред Општинскиот суд во град Кавадарци е покрената постапка за амортизација на чекот број 446459, издаден од Комуналната банка Неготино, во износ од 1.500 н. дин. на име Цветковиќ Радојко, од село Тремник, општина Неготино.

Се поканува секој што има интерес чекот да не се поништи или кој го поседува по било која основа, да му соопшти на овој суд и да стави приговор против поништувањето во срок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“. Во противно, по истекот на горниот срок, чекот ќе се смета за поништен.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, Р. бр. 897 од 28. X. 1968 г. (81)

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје, тужителот Јовичиќ Стојадин од с. Рудник, Титоввелешко, поднесе тужба за развод на бракот против тужената Јовичиќ Верка, родена Спасовска, сега во неизвесност.

Се повикува тужената Верка Јовичиќ од татко Стеван, во срок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично на овој суд. Во противен случај ќе и́ се одреди старател за посебен случај кој ќе ја застапува на оваа парница.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 856/68. (8)

---

## ЛИКВИДАЦИИ

Со решението бр. 01-9165 од 4. X. 1968 година на Собранието на општината Охрид, отворена е постапка за редовна ликвидација на Ученичкиот дом „Климент Охридски“ — Охрид.

Се поканувaат сите должници и поверители во срок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот да ги пријават своите долгови, односно побарувања спрема Домот. Во противно, по истекот на срокот, нема да се признаваат никакви побарувања, а долговите ќе се наплатуваат по судски пат.

Од Ликвидационата комисија (2223)

---

Земјоделската задруга „Копачка“ од село Извор се става во редовна ликвидација со решението бр. 02-6510 од 1. XI. 1968 година, донесено на седницата на Собранието на општината Кичево, одржана на 18. X. 1968 година.

Од Ликвидационата комисија (2086)

---

Со решението на овој суд Л. бр. 3/64 од 11. VI. 1968 година е заклучена постапката за присилна ликвидација над Земјоделската задруга „Јован Малинајдовски“ од село Крани, Ресенско и истата е избришана од регистарот на овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Л. бр. 3/64. (2045)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 588, страна 431, книга III, е запишано следното: Кон Заштитната работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода" — Куманово се присоединува Трговското претпријатие на големо и мало со посредување „Унион" — Скопје, ул. „Цветан Димов" бр. 1а, како погон под име: Заштитна работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода" — Куманово — Погон за промет „Унион" — Скопје, улица „Цветан Димов" број 1а. Предмет на работењето на погонот е промет и посредување на стоки, на големо и мало, со производи од стопанските гранки и тоа: производство и преработка на јаглен: црн јаглен и камен јаглен; производство и преработка на нафта: земјен гас, сурова нафта и дестилација на нафта; црна металургија: производство на железна и манганова руда, на сурово железо и челик, производство на влечени производи и феролегури; металургија на обоени метали: концентрати и рафинирани обоени метали, ваљани и влечени производи на обоени метали и легури; производство, оплеменување и преработка на неметални минерали, огностални материјали, производство од стакло, керамика, порцелан, гипс и други неметални производи; металопреработувачка индустрија: одливци од сите метали и легури, синџири, метални јажиња, плетиво, метални цевки, градежна столарија, машини и уреди за преработка на метал и дрво, мотори со внатрешно согорување, помпи, моторни возила, велосипеди, земјоделски машини, направи, алат и прибор, кугллични и валчести лежаи, мерни инструменти, кујнски прибор, метален намештај, часовници, накит, метална галантерија и други метални производи; производи од електро-индустрија: електрични машини, инсталациони и изолациони материјали, сијалици, електрични инструменти, апарати и уреди за електромедицината и домаќинството, акумулатори и елементи, радиоприемници, разгласни станици, телевизори, грамофони, телефонски централи, жична телекомуникација и други производи од електроиндустријата; хемиска индустрија: разни киселини и соли, вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата, поливинил, бакелит и производи од пластични маси, туткал, желатин, фирнајси, бои, лакови, средства за перење, разни пасти, хемикалии за лаборатории и индустријата; индустрија на градежен материјал: цементни производи, мермер и украсен камен, природен и вештачки камен за градење, песок и шљунак, вар, цигла, керамиди, покривна лепенка и асфалтни маси; дрвна индустрија: сечена граѓа, фурнир, иверица, шперплоча, паркет, дрвена амбалажа, градежна столарија, дрвени бараки, дрвна галантерија, четкарски производи, производи од плетарство, од плута и друго; индустрија за двесина, целулоза и хартија: целулоза и дрвесина, хартија, картон и лепенка, изработки од хартија, картон и лепенки; производи од текстилна индустрија: памучно влакно и предиво, ткаенини, лнено и каделно предиво, јажарија, производи од вештачка свила, синтетички производи, конфекција, трикотажа, јоргани, душеци, галантерија и позамантерија и друго; индустрија на кожа и обувки: кожа, кожна облека, кожна галантерија, спортски реквизити од кожа и друго; производи од индустријата за гума: гуменотехничка стока и автогуми; производи од прехранбена индустрија: мелничка индустрија, преработка на овошје и зеленчук, скроб, производство на шеќерна репка, производи од какао, бонбони, слатки, кафе, какао и зачини, пиво и производи на вриење, безалкохолни пијалоци, овошни сокови, алкохолни пијалоци, производи од масларската индустрија, производи од млеко и јајца, кланички производи, жива стока, преработка на маст и животински маснотии, преработка на риба, селскостопански производи и друго; производи од графичката индустрија; производи од индустријата на тутун.

Погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Стојчевски Бранко, управник, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Со присоединувањето на гореспоменатото претпријатие како погон за промет „Унион" — Скопје кон Заштитната работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода" — Куманово, дејноста на работилницата се проширува со дејноста на претпријатието која е наведена во дејноста на погонот под т. 2 од решението.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 93 од 25. IX. 1968 година. (2005)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 590, страна 439, книга III, е запишано под име: Основно училиште „Петар Здравковски—Пенко" — Скопје, населба „Бутел II". Предмет на работењето на училиштето е вршење просветна дејност.

Училиштето е основано од Собранието на општината „Кале" — Скопје, со решението бр. 06-12484 од 17. VII. 1968 година.

В. д. директор на училиштето е Велко Христовски, назначен со решението бр. 06-14385 од 10. IX. 1968 година на Собранието на општината „Кале" — Скопје.

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Пакетчиева Каја, в.д. секретар, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 90 од 16. IX. 1968 година. (1996)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 339, страна 391, книга II, е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Основното училиште „Климент Охридски" од село Бутел, Тодоровски И. Боро, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на училиштето е назначен Бојан Миладинов, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 27. IX. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 102 од 30. IX. 1968 година. (2003)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 97/66, е запишано следното: Се менува фирмата на Металниот училишен центар во Охрид и гласи: Метален училишен центар „Тито" од Охрид.

Оваа промена е извршена врз основа решението бр. 01-826/1 од 9. V. 1967 година на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 31/68 година. (2048)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 213, страна 1075, е запишано следното: Досегашниот директор на Републичкиот завод за продуктивност на трудот — Скопје, Вандевски Ванде, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Републичкиот завод за продуктивност на трудот — Скопје е назначен Тихомир Чепреганов, дипломиран економист, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Даркова Милица, сметководител, сметано од 10. X. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружинот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 108 од 16. X. 1968 година. (2087)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 28. X. 1968 година, рег. бр. 56/65, е зпишано следното: Й престанува овластувањето за потпишување на Нада Ставриќ, досегашен директор на Основното училиште „Климент Охридски" од Охрид.

Се овластува Арнаудовски Ѓорѓи, директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 36/68. (2138)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 4. I. 1968 година, страна 147, реден бр. 2, е запишана промената на досегашниот управник на Ветеринарната станица од Виница, Кочанско, Јанко Михајлов. За управник на Ветеринарната станица е назначен Момчило Мишов Салтиров.

Промената на управникот е запишана во регистарот врз основа одлуката бр. 150 од 19. XII. 1968 година на работната заедница на установата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 41/67. (1471)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 20. VIII. 1968 година, рег. бр. 74/65, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Кокароски Стојан, досегашен директор на Основното училиште „Манчу Матак" од село Кривогаштани.

Се овластува Кироски Андонов Ангеле, директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 28/68. (1930)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 593, страна 451, книга III, е запишано под назив: Основно училиште „Скендербеј", село Арачиново, Скопско. Предмет на работењето на училиштето е воспитно-образовна дејност.

Училиштето е основано од Собранието на општината Кале — Скопје, со решението бр. 06-12486/1 од 18. VII. 1968 година.

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Рахмани Ракип, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 96 од 26. IX. 1968 г. (1997)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 594, страна 455, книга III, е запишано под назив: Основно училиште „Перпарими" од село Грушино, Скопско. Предмет на работењето на училиштето е воспитно-образовна дејност.

Училиштето е основано од Собранието на општината „Кале" — Скопје, со решението бр. 064522 од 17. IX. 1968 година.

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Рашид Теваби Далипи, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 97 од 26. IX. 1968 година. (1998)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 596, страна 463, книга III, е запишано под назив: Централно основно училиште „Братство-единство", село Средно Коњари, Скопско. Предмет на работењето на училиштето е основно-образовна дејност.

Училиштето е основано од Собранието на општината Кале — Скопје, со решението бр. 06-12486/5 од 17. VII. 1968 година.

Училиштето ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Вељановски Сиљан, в.д. директор, и Репац Ѓуро Стојан, секретар-режисер, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Централното основно училиште „Братство-единство", село Средно Коњари е конституирано на 5. IX. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 103 од 30. IX. 1968 година. (2000)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 598, страна 471, книга III, е запишано под назив: Основно училиште „Лирија" од село Брест, Скопско. Предмет на работењето на училиштето е основно-образовна дејност.

Училиштето е основано од Собранието на општината Кале — Скопје, со решението бр. 06-12456/3 од 17. VII. 1968 година.

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Екрем Сулејмани, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 104 од 30. IX. 1968 година. (2001)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. X. 1968 година, рег. бр. 63/66, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на инж. Димитар Димевски, досегашен потписник на Центарот за унапредување на земјоделството — Битола.

Се овластува Михаил Огненовски, заменик директор, покрај досегашниот потписник Таневски В. Коле, книговодител, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 35/68. (2136)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 34, страна 140, книга I, е запишано следното: Досегашниот потписник на Домот на културата на градежните работници — Скопје, в. д. директорот Софијанов Никола, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Домот е назначен Богатиновски Стефан Петар, кој установата, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Софијанов Ѓорѓи Никола, домаќин, и старите регистрирани потписници и тоа: Узуновски Најдо Фидан, шеф на сметководството, и Душан Смиљановски, уредник на програмата, сметано од 23. X. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 110 од 13. XI. 1968 г. (2180)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. IV. 1968 година, рег. бр. 21/55, книга Ш, е запишана под фирма: Продавница број 6 во село Октиси, на Земјоделската задруга „Светлост", с. Вевчани. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на колонијална стока, текстилна, конфекциска и галантериска стока, железарија, градежен материјал и огревно дрво, емајлирани садови. предмети за куќни потреби, електрични материјали, тутунови производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, производи врз база на шеќер и какао, земјоделски производи и месни конзервирани производи.

Раководител на продавницата е Ибушоски Фето.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Светлост", с. Вевчани, со одлука бр. 01-111/1 од 22. III. 1968 година на задружниот совет и решението бр. 08-1934/37 од 2. IV. 1968 година на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 137/68. (1089)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. IV. 1968 година, рег. бр. 2/64, книга I, е запишано следното: Се овластува лицето Паскаловски Спиро, финансов службеник, покрај досегашните потписници Томовски Томаки, в. д. директор, и Јуруковски Ѓорѓи, в. д. шеф на сметководството, да ја потпишува филијалата во Битола на Претпријатието за снабдување на земјоделието „Агроснабдител“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 166/68. (1100)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. IV. 1968 година, рег. бр. 113/55, книга II, е запишано следното: Му престанува овластувањето на Благоја Николовски, директор, за потпишување на Чевларската задруга „Борка Левата“ од Прилеп.

Се овластува лицето Тромпевски Петар, в. д. директор, да ја потпишува Чевларската задруга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 153/68. (1110)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 572, страна 1035, книга V, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на мало и големо „Славија“ од Скопје — Самопослуга број 101 во Маврови Анови. Предмет на работењето на самопослугата е промет со: месо и преработки од месо; жита и мелнички преработки; животни намирници и предмети за куќни потреби; деликатесни производи, производи врз база на шеќер и какао, овошје, зеленчук и преработки, леб и печиво, риба, алкохолни и безалкохолни пијалоци, текстил, куса и плетена стока и конфекција, галантериска и базарска стока и играчки.

Самопослугата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на мало и големо — Скопје, со одлука бр. 6637 од 4. X. 1967 година.

Раководител на самопослугата е Тоше Матевски.

Самопослугата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1026 од 7. VI. 1968 год. (1131)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 572, страна 1035, книга V, е запишано под фирма: Трговско претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на мало и големо „Славија“ — Скопје — Бифе „Снег“ во Маврови Анови (во состав на самопослужната продавница број 101 во Маврови Анови). Предмет на работењето на бифето е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци со точење и скара.

Бифето е основано од Трговското претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на мало и големо „Славија“ — Скопје, со одлуката бр. 2553 од 3. V. 1968 година.

Раководител на бифето е Тошо Матевски.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 395 од 7. VI 1968 г. (1132)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1223, страна 1175, книга V, е запишана под фирма: Електроинсталатерска услужна задруга „Кале“ — Скопје, ул. „Илинденска“ бр. 72. Предмет на работењето на задругата е електроинсталатерска дејност.

Задругата е основана од основачите — група граѓани, на основачкото собрание, одржано на 15. IV. 1968 година, и тоа: Жантев Димитар, Настевски Стево, Трајковски Перо, Китанов Живоин, Костадинов Методија, Зрзев Петре, Бошњаков Димче, Ефтимов Кире, Георгиевски Георги и Ивановски Стојан.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Китанов Живоин, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Членови на привремениот управен одбор се: Трајковски Перо, Костадинов Методија, Ефтимов Кире, Зрзев Петре и Китанов Живоин. Претседател на управниот одбор е Трајановски Петар. Претседател на советот на работната заедница е Методија Костадинов.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 542 од 23. V. 1968 г. (1138)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1222, страна 1171, книга V, е запишана под фирма: Градежно занаетчиска задруга „Галичица“ — Скопје, ул. „805“ бр. 6. Предмет на работењето на задругата е зидаро-фасадерска дејност.

Задругата е основана од основачите — група граѓани, на основачкото собрание, одржано на 5. IV. 1968 година, и тоа: Тодоровиќ Миодраг, Трајковски Драги, Салијев Аслан, Рушитов Рушит, Јаневски Александар, Миндов Андреја, Колевски Арсо, Радичевски Размо, Трпчевски Атанас, Пановски Предраг, Павловски Стојан, Јовчевски Перо и Вукадиновски Живко.

Задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, Павловски Стојан, директор, и Јовчевски Перо, сметководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 529 од 23. V. 1968 година. (1139)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1227, страна 1197, книга V, е запишана под фирма: Фабрика за алатни машини „Тито“ — Скопје, ул. „Романија“ — Маџари (во изградба). Предмет на работењето на фабриката е производство на алатни машини и прибор.

Фабриката е основана од Металскиот завод „Тито“ — Скопје, со издвојување на погонот за машини алатки во Скопје, со решението бр. 2—319 од 16. IV. 1968 година на централниот работнички совет, одлуката бр. 143 од 16. IV. 1968 година на работничкиот совет и одлуката бр. 9 од 1. IV. 1968 година на погонот за машини алатки.

Фабриката за алатни машини „Тито“ — Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува дипломираниот инженер Радмило Ивковиќ, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 564 од 31. V. 1968 г. (1141)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1228, страна 1201, книга V, е запишано под фирма: Монтажно-инсталатерско претпријатие „Топловод“ — Скопје, ул. „Радњанска“ бр. 17. Предмет на работењето на претпријатието е: инсталирање на централно греење и уреди за аклиматизација, инсталирање на водовод, гасни постројки и канализација.

Претпријатието е основано од задружниот совет на Монтажно-инсталатерската задруга „Топловод“ — Скопје, со одлука бр. 205, од 15. V. 1968 година, со преараснување на задругата „Топловод“ — Скопје во претпријатие.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Станислав Фајдига, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Монтажно-инсталатерското претпријатие „Топловод" — Скопје е конституирано на 15. V. 1968 година.

Монтажно-инсталатерската задруга „Топловод" — Скопје со прераснувањето во претпријатие се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните, кај овој суд, од рег. бр. 1140, страна 729, книга V.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 589 од 31. V. 1968 г. (1142)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1057, страна 259, книга V, е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за купо-продажба и посредување на моторни возила, градежен материјал, земјоделски производи и индустриски стоки „Трго-Вардар" од Скопје — Продавница бр. 1 во Скопје, населба „Сингелич", ул. „862" бр. 12. Предмет на работењето на продавницата е, врши продажба на мало на сите видови колонијално-прехранбени стоки, индустриски стоки за широка потрошувачка, садови од емајл и керамика, како и мешани стоки потребни за домаќинството, сувомесни производи, млеко и млечни производи, јајца, живина, свежо месо, пакувано, сите видови конзервирани производи, јужно овошје, алкохолни и безалкохолни пијалоци, брашно, леб и производи од брашно и земјоделски производи.

Продавницата е основана од советот на работната заедница, со одлука од одржаната седница на 25. I. 1968 година.

Раководител на продавницата е Ангелова Љубица.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 432 од 17. V. 1968 г. (1143)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1057, страна 259, книга V, е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за купопродажба и посредување со моторни возила, градежен материјал, земјоделски производи и индустриски стоки „Трго-Вардар" од Скопје — Продавница број 2 во село Белимбегово, Скопско. Предмет на работењето на продавницата е: врши продажба на мало на сите видови колонијално-прехранбени стоки, индустриски стоки за широка потрошувачка, садови од емајл и керамика, како и мешани стоки потребни за домаќинството, сувомесни производи, млеко и млечни производи, јајца, живина, свежо месо, пакувано, сите видови конзервирани производи, јужно овошје, алкохолни и безалкохолни пијалоци, брашно, леб и производи од брашно и земјоделски производи.

Продавницата е основана од Советот на работната заедница, со одлука од одржаната седница на 25. I. 1968 година.

Раководител на продавницата е Панушковски Милан.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 433 од 17. V. 1968 г. (1144)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 403, книга V, е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле" од Скопје — Класична продавница во населбата „Маџари", Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на млечни и сувомесни производи и индустриски стоки, согласно регистрацијата на претпријатието.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација на мало и големо „Овче Поле" од Скопје, со одлуката бр. 14 од 13. III. 1967 година.

Раководител на продавницата е Стефановски Фоти.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 867 од 29. IX. 1967 година. (1145)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1216, страна 1145, книга V, е запишана под фирма: Молеро-фарбарска задруга „Бабуна" — Скопје, „Бутел I" бб. Предмет на работењето на задругата е изведување на молеро-фарбарски работи — услуги.

Задругата е основана од основачите — група граѓани, на основачкото собрание, одржано на 4. IV. 1968 година, и тоа: Галевски Васил, Андоновски Александар, Галевски Димо, Ѓорѓиевски Јордан, Андоновски Ѓорѓи, Тутевски Иван, Андоновски Димо, Ѓорѓиевски Ристо, Андреевски Димо, Николовски Павле, Андоновски Петре, Цветановски Цветан, Андоновски Јован и Темелковски Темелко.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Галевски Ристов Васил, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

